**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# П Р А В И Л Н И К
**за изменување на Правилникот за
внатрешна организација на
Службата на Собранието на Република Македонија**

**Скопје, јули 2013 година**

Врз основа на член 40 и 41 од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија"бр.104/2009) и член 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија"бр.91/2008, 119/10 и 23/13), Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија на 31.07 2013 донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија

Член 1

Во Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија (бр. 01-2160/2 од 14.05.2010 година, бр.01-5214/1 од 27.12.2010 и бр. 01-2839/1 од 18.06.2012) во член 8 точка 14.ПОСЕБНА ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА-ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ во потточка 14.1/2. зборовите „Одделение за анализи и истражувања од областа на општествените науки„ се заменуваат со зборовите: „Одделение за општи анализи и истражувања“.

Член 2

Во член 23 став 3 зборовите:„Одделение за анализи и истражувања од областа на општествените науки" се заменуваат со зборовите „Одделение за општи анализи и истражувања“, а во алинејата 1 зборовите „врши истражувања и анализи“ се заменуваат со зборовите „врши општи истражувања и анализи од Одделението“, а зборовите „општествените науки и“ се бришат.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила по претходно добиена согласност од Агенцијата за администрација и објавувањето на ВЕБ страната на Собранието на Република Македонија.

Број 01-3069/1
31.07.2013 година
Скопје

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Жарко Денковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ